КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
Број: 02-409 /2
Датум: 14.8.2012 г.

Врз основ на член 13 точка 11 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на седница, одржана на 14.08.2012 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за замена на изгубени овластувања и печати, издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери

### Член 1

Со овај правилник се одредува постапката за замена на изгубени овластувања и печати, издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комората).

**Постапка за изгубено овластување**

### Член 2

Членот на Комората кој ќе го изгуби овластувањето добиено од Комората преку архивата поднесува известуање со кое ја известува Комората за изгубеното овластување, со изјава дека известувањето го дава под полна материјална и кривична одговорност (образец 1).

Со известувањето од став 1 на овој член лицето поднесува и уплатница на износ од 1.000,00 ден. на име на трошоци за изработка на ново овластување.

### Член 3

Комората спроведува постапка за издавање на дупликат на овластување при што по проверката дали е измирена членарината, Управниот одбор донесува решение за издавање на дупликат на Овластување.

По потпишување на решението од став 1 на овој член Комората издава дупликат овластување на кое на видно место (горен десен агол) стои ознаката **Дупликат** и со ист број како загубеното овластување.

**Постапка за изгубен печат**

### Член 4

Членот на Комората кој ќе го изгуби печатот што го добил од Комората, преку архивата поднесува известуање со кое ја известува Комората за изгубениот

печат, со изјава дека известувањето го дава под полна материјална и кривична одговорност (образец 2).

Со известувањето од став 1 на овој член лицето поднесува и уплатница на износ од 1.000,00 ден на име на административни трошоци за реализација на постапката изработка на нов печат.

**Член 5**

По добивањето на известувањето од член 4, се проверува дали лицето ја платило членарината и доколку се платени сите давачки кон Комората се изработува упатница до фирмата која изработува печати со напомена дека на печатот треба јасно да стои ознака дека се работи за дупликат на печат. Дупликатот на печат се обележува со бројот **1** пред името на струката (областа) за која е издаден.

Трошоците за изработка на печат паѓаат на товар на овластеното лице кое бара изработка на дупликат печат.

**Член 6**

По потпишување на решението за издавање на дупликат на овластување и испраќањето на упатницата за изработка на дупликат печат од член 5 на овој правилник, Комората на својата web страница истакнува Известување за издаденото дупликат овластување, односно печат.

Податоците од став 1 на овој член се внесуваат и во Именикот на овластените архитекти и овластените инженери што се води при Комората, во графата "Забелешки".

**Член 7**

Овај правилник стапува на сила со денот на донесувањето и се објавува на web страницата на Комората.

Претседател на УО

Блашко Димитров, дипл. град. инж.

Образец 1

До Комората на овластени архитекти и овластени инжинери
1000 СКОПЈЕ

Предмет: Известување за изгубено Овластување А / Б бр. _____

Согласно член 2 од Правилникот за замена на изгубени овластувања и печати, издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери ја известувам Комората дека Овластувањето А/Б бр. ______ за ______________________________ издадено за областа ________________________________ на име ______________________________________________ го имам изгубено/ми е украдено.

Под полна материјална и морална одговорност, јас __________ ______________________________ **изјавувам** дека е вистинит исказот даден во оваа известување, поради што Ве молам да отпочнете постапка за издавање на дупликат од наведеното Овластување.

Со почит,

______________________________
(потпис)

Образец 2

До Комората на овластени архитекти и овластени инжинери
1000 СКОПЈЕ

Предмет: Известување за изгубен печат бр. ___

Согласно член 4 од Правилникот за замена на изгубени овластувања и печати, издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери ја известувам Комората дека печатот бр. ________ издаден за областа ________________________________ на име ________________________________ го имам изгубено/ми е украден.

Под полна материјална и морална одговорност, јас __________ __________________________ **изјавувам** дека е вистинит исказот даден во оваа известување, поради што Ве молам да отпочнете постапка за издавање на дупликат печат.

Со почит,

____________________________
(потпис)

# Изглед на дупликат печат



**ДУПЛИКАТ**

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

**Врз основа на член 31 став 3 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава**

# ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИНЖЕНЕР ЗА ИЗВЕДБА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

## КОЦЕ ГАЛЕВСКИ

Овластувањето е со важност до: 10.10.2017 год.

Број: **2.1292**

Издадено на: 10.10.2012 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Блашко Димитров,
дипл.град.инж.